Врз основа на член 46 став (4) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија “ бр. 24/19), министерот за финансии донесе

# Т А Р И Ф Н И К

## ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА ЕДУКАЦИЈА ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

### Член 1

Со овој тарифник се утврдува висината на надоместоците што ги плаќаат учесниците во едукацијата за јавни набавки.

### Член 2

За посета на наставната програма за обука на обучувачи за јавни набавки, учесниците плаќаат надомест во износ од 12.712 денари без вклучен данок на додадена вредност.

За посета на наставната програма за обука на обучувачи за јавни набавки за продолжување на важноста на потврдата за обучувач за јавни набавки, учесниците плаќаат надомест во износ од 3.390 денари без вклучен данок на додадена вредност.

### Член 3

За посета на наставната програма за обука на лицата за јавни набавки, учесниците плаќаат надомест во износ од 8.051 денари без вклучен данок на додадена вредност.

За посета на наставната програма за обука на лица за јавни набавки за продолжување на важноста на потврдата за лице за јавни набавки, учесниците плаќаат надомест во износ од 1.695 денари без вклучен данок на додадена вредност.

### Член 4

Овој тарифник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 април 2019 година.

Број ---------------------
__.__.2019 година
Скопје

МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ,
д-р Драган Тевдовски